316:061.6(497.7:438)(049.3)
378.4.096:316(497.7:438)(049.3)

## XII СКОПСКО - КРАКОВСКИ СОЦИОЛОШКИ СЕМИНАР

## 40 ГОДИНИ НАУЧНО ПРИЈАТЕЛСТВО: Обраќање на раководителот на Интитутот за социологија, Зоран Матевски

Институтот за социологија на Филозофскиот факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје и Институтот за социологија на Филозофскиот факултет приЈагелоњскиотуниверзитет во Краков го организираа XII Скопско-краковскисоциолошки семинар на тема: Општествената исклученост во македонското и полското современо општество. Семинарот беше посветен на40 години научно пријателство помеѓу овие две образовни и научни институции и животот и делото на проф. д-р Јован Корубин.На XII Скопско-краковскисоциолошки семинар активно учествува седумнаесет професори. Трудовите на Ило Трајковски и Зоран Матевски, кои беа презентирани на овој семинар, се дел од овој број на „Социолошкаревија“.

Науката, образованието и меѓународната соработка се несомнено едни од најзначајните предизвици на модерна Европа. Сите ние се надеваме на праведен и одржлив свет, кој живее во мир. Овие високи заложби може да се постигнат само со соработка базирана на меѓусебно почитување, моќна врска на интереси и длабока наклоност меѓу народите и државите. Ова е визијата која ние ја преточивме во дело преку 40-годишното научно пријателство на нашите институти за социологија, при филозофските факултети, кои се нераскинлив дел на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“, кој како наследник на Светиклиментовиотуниверзитет во Охрид се вбројува во еден од најстарите универзитети во Европа и Јагелонскиотуниверзитет во Краков, како втор најстар универзитет во Централна Европа. Кога пред 40 години се здруживме во своевидна потрага по знаење и академски напредок во областа на социологијата, се надевавме дека нашите напори ќе се претворат во долготрајно пријателство и соработка во која ние меѓусебно ќе се почитуваме и на крајот ќе ѝ служиме на европската социологија. Нашиот академски сон беше почеток на значителна размена и соработка меѓу два института во држави со многу различни општествени односи, појави и процеси. Без лажна скромност, не само што успеавме во тоа туку отидовме и чекор подалеку бидејќи поставивме стандард за идна размена и соработка на меѓууниверзитетско и меѓудржавно ниво.

Јазикот и вредностите на науката се универзални. Не е случајно што научниците отсекогаш биле во првите редови на меѓународната соработка во делот на развојот мирот. Р Северна Македонија и Р Полска имаат долга традиција на чествување на образованието и истражувањето. Нашите предци направија прекрасен придонес кон науката, со големо влијание врз развојот на европската цивилизација. Историјата постојано не уверува дека високото образование и научните истражување се важен темел за просперитет на двете држави, како и клучен критериум за нивната меѓународна конкурентност и влијание.

Нашата соработка ја имплементиравме во 12 социолошки семинари кои дадоа охрабрувачки импулс и широки перспективи во рамките на соработката во високото образование. Преку објавените трудови во зборниците од овие семинари го подигнавме квалитетот на социолошките истражувања на едно повисоко ниво, и обезбедивме силна интелектуална и кадровска поддршка за развојот на понатамошните односи на нашите институти и факултети. Со тоа помогнавме во изградба на нови мостови на пријателство и соработка меѓу РСеверна Македонија и Р Полска.